Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" број 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 декември 2020 година, донесе

# ОДЛУКА

## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1126 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1126 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје,
- ембарго на стоки и услуги,
- финансиски мерки и
- забрана за влез во Република Северна Македонија.

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2020/1126 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив се воведуваат на неопределено време.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр.44-11615/1
15 декември 2020 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Љупчо Николовски

# DECISIONS

## COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/1126

## of 30 July 2020

## amending Decision (CFSP) 2016/1693 concerning restrictive measures against ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 20 September 2016 the Council adopted Decision (CFSP) 2016/1693 [1] concerning restrictive measures against ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them.

(2) In view of the continued threat posed by ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them, one person should be added to the list of persons, groups, undertakings and entities set out in the Annex to Decision (CFSP) 2016/1693.

(3) Decision (CFSP) 2016/1693 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The Annex to Decision (CFSP) 2016/1693 is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 30 July 2020.

*For the Council*

*The President*

M. ROTH

---

[1] Council Decision (CFSP) 2016/1693 of 20 September 2016 concerning restrictive measures against ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them and repealing Common Position 2002/402/CFSP (OJ L 255, 21.9.2016, p. 25).

*ANNEX*

The following entry is added to the list set out in the Annex to Decision (CFSP) 2016/1693:

'6. Bryan D'ANCONA; date of birth: 26 January 1997; place of birth: Nice (France); nationality: French.'.

## ОДЛУКА (ЗНБП) 2020/1126 НА СОВЕТОТ

**од 30 јули 2020 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 20 септември 2016 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 ([1]) за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив.

(2) Со оглед на постојаната закана од страна на ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, едно лице треба да се додаде во списокот на лица, групи, претпријатија и субјекти утврден во анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693.

(3) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 се изменува како што е утврдено во анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Брисел, 30 јули 2020 година.

За Советот

Претседател

М. Рот

---

[1]Одлука (ЗНБП) 2016/1693 на Советот од 20 септември 2016 година за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив и за укинување на Заедничкиот став 2002/402/ЗНБП (Сл. весник L 255, 21.9.2016 година, стр.25).

# АНЕКС

Следниот внес е додаден во списокот утврден во анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693:

„6. Брајан Д'АНКОНА (Bryan D'ANCONA); датум на раѓање: 26 јануари 1997 година; место на раѓање: Ница (Франција); националност: Французин.“.